## *Додека се грижат за туѓите, новинарите ги забораваат своите права*

*Дарко Дуридански*

Работните права и нивното почитување не се забранета тема во македонските медиуми, но сепак, со едно кусо пребарување на интернет сајтовите на македонски медиуми може да се заклучи дека оваа значајна тема се третира ретко и површно. Најголем дел од текстовите/прилозите поврзани со правата на работниците во Македонија се всушност извештаи од прес-конференции на државни институции (МТСП), синдикати или нелвадини организации. Ретко, на македонските медиуми може да се најде, прочита, слушне или види подлабока анализа или истражување на тема работни права и покрај фактот што постојано слушаме информации за драстични кршења на работничките права во Македонија.

Логично, се поставува прашањето зошто е тоа така? Зошто новинарите и уредниците не се повеќе заинтересирани за оваа тема, која во држава со слаба економија и голема невработеност постојано би требало да биде предмет на сериозна анализа и истражување.

Еден од можните одговори на ова прашање е поврзан со фактот дека во последната деценија медиумската сфера комплетно се промени и тоа во негативна насока. Дигитализацијата, интернетот и социјалните мрежи го променија начинот на кој јавноста/публиката гледа на новинарството. Традиционалниот начин на селектирање, подготвување, обработка и објавување на вестите и информациите се повеќе е реткост. Денес најважна е брзината, бројот на објави, кликови, споделувања, лајкови за чие постигнување не се бираат средства, бидејќи токму големиот број на објави, кликови и споделувања му носи финансиска добивка на медиумот. Аналитичкото, истражувачко и критичко новинарство кое што бара сериозни ресурси, и финансиски и човечки, не му го носи на кој и да е медиум толку потребниот профит за функционирање. Тоа значи дека трката за профити и зголемена гледаност, слушаност, читаност ги фрла во сенка основните новинарски начела, ја намалува можноста за запазување на професионалните стандари и истовремено ја трга на страна вистината, а со тоа и јавниот интерес, чиешто штитење е суштината на новинарството како професија.

Ваквиот развој на настаните, потпомогнат и од десетгодишната злоупотреба на голем дел од медиумите, нивно претворање во пропагандни гласила со помош на државни средства преку најразлични кампањи и нивна инструментализација во политички (или бизнис) цели на различни групи од интерес, придонесе до драстичен пад на квалитетот на новинарството. Тоа, пак, придонесе до огромно намалување на довербата во медиумите.

Според извештајот[1] на Европската радиодифузна унија (ЕБУ) од март 2018 година Македонија заедно со Велика Британија се на второто место според недовербата во медиумите при што дури 52% од граѓаните немаат доверба во медиумите (полоша состојба има само во Малта - 53%). Ваквиот епилог е сосема логичен земајќи го во предвид фактот дека на сопствениците на медиуми не им се потребни квалитетни, образовани и професионално подготвени работници со интегритет, бидејќи со нив многу потешко или воопшто не би било можно спроведување на замислените агенди. Заклучокот за еден од можните одговори на горепоставеното прашање е дека медиумите во Македонија не се интересираат, или многу малку се бават со темата за работничките права затоа што во нив останаа малкумина кои знаат и можат да проценат дека работните права се едно од најважните прашања во развиените и демократки општества, но истовремено и предуслов за независно и професионално новинарство. Дури и од малкуте и површни информации и извештаи на тема работнички права може да се заклучи дека има простор и потенцијал за низа истражувања и анализи како на причините, така и на последиците од непочитувањето на работничките права.

## *За да оствариш право, мора да го знаеш*

Вториот можен одговор на прашањето зошто темата работнички права не се третира премногу во медиумите е поврзан со фактот дека и самите новинари и медиумски работници не ги знаат работничките права кои им следуваат.

Според анкетата на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници[2], повеќе од 60 проценти од анкетираните новинари рекле дека не го знаат Законот за работни односи.  Всушност, овој процент е доста поголем со оглед на фактот дека повеќе од половината од тие што одговориле дека ги знаат правата кои им следуваат на работниците, не одговориле точно на контролните прашања како што се: Колку трае приправничкиот стаж? и Кој е законскиот минимум за годишен одмор?

Овој податок директно укажува на заклучок дека темата работни права во македонските медиуми е запоставена, односно не е предмет на постојана и длабока анализа и критика, пред се затоа што најголем дел од новинарите не ги знаат правата кои им следуваат. Се разбира, освен горенаведените причини за тоа постојат и низа други, но во овој дел од анализата ќе се осврнеме пред се на основните, или минималните права кои и најчесто и најмасовно се прекршуваат во речиси сите работни организации во Македонија.

---

[1] Годишен извештај на Европската радиодифузна унија за 2017-18 https://www.ebu.ch/files/live/sites/ebu/files/codes/annual-report_2017-2018/index.htm#/

[2] Анкета на ССНМ е спроведена во периодот септември-октомври 2018 година со 88 испитаници од 25 дигитални медиуми

Во медиумската индустрија во Македонија ретко во која организација се почитува правото на полно работно време од 40 часа неделно, односно речиси ниту еден медиум не им исплаќа на новинарите дополнителни средства за прекувремена работа како што е предвидено со Законот за работни односи[3]. Во најголем дел од медиумските организации се исплаќа популарното К-15 односно регрес за годишен одмор, но ретко во кој медиум, освен во оние во кои има синдикални организации, вработените знаат дека за висината на регресот работодавачот не може сам да одлучи, туку тоа мора да го направи во согласност со вработените преку нивен претставник. Во медиумите во Македонија не се почитува ниту правото на годишен одмор. Така според споменатата анкета на ССНМ, иако најголем дел од испитаниците потврдиле дека добиваат право на годишен одмор од најмалку 20 дена како што е предвидено со ЗРО, сепак, дури 74 проценти рекле дека потоа морале да одработуваат некои од деновите кои ги минале на одмор. Слична е ситуацијата и со правото на слободни денови.

## *Прекарна работа, ниски плати, притисоци, ризици...*

Една од поспецифичните работи поврзани со работните права на новинарите и медиумските работници е прекаријатот, односно несигурноста како на работното место, така и на заработувачката. Прекарната работа во последнава деценија го „освојува“ медиумскиот сектор и тоа не само во Македонија и полека стана една од најсериозните „закани за слободното и професионално новинарство како предуслов за слободно и отворено општество“[4].

Во публикацијата со наслов „Прекарна работа во медиумската индустрија“ издадена во 2014 година прекаријатот е дефиниран како појава во која работниците, во случајов новинарите и медиумските работници, се наоѓаат во ситуација на:

> *„долготрајна, зависна, повремена или привремена работа, во целосна егзистенцијална и професионална несигурност, на работа на договори што траат одредено време, кои не даваат никакви права и заштита и кои можат да се раскинат без какви било последици за работодавачот“.*[5]

Интересно е дека за потребите на истата публикација дури 78 проценти од новинарите и медиумските работници одговориле дека не знаат што значи терминот прекаријат, иако според истото истражување, над една третина од новинарите немаат сигурен ангажман и се ангажирани како хонорарни работници. Споредено со други подоцнежни истражувања

---

[3] Закон за работни однсои http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/ZRO%20Precisten%2074-15.pdf

[4] Прекарна работа во медиумската индустрија http://ssnm.org.mk/wp-content/uploads/2014/11/Prekarna-rabota-vo-mediumskata-industrija-fin.pdf

[5] Прекарна работа во медиумската индустрија http://ssnm.org.mk/wp-content/uploads/2014/11/Prekarna-rabota-vo-mediumskata-industrija-fin.pdf

може да се заклучи дека ситуацијата воопшто не се подобрува. Така според истражувањето на Синдикатот на новинари и медиумски работници од август 2017 година повеќе од половина, односно 54 проценти од новинарите и медиумските работници не се во постојан работен однос (на неопределено) – 35 проценти се на определено и 19 проценти се хонорарно ангажирани[6].




*Извор: ССНМ - Секој пети вработен во медиумите може да биде отпуштен во секој момент.*

Токму прекаријатот, но и неорганизираноста и изостанокот на солидарност помеѓу новинарите и медиумските работници придонесува сопствениците на медиуми да ја диктираат играта, од професионалните стандарди, условите за работа до висината на платите. Според гореспоменатото истражување, дури 45 проценти од новинарите примаат плата пониска од просечната плата во Македонија, која во август 2017 година изнесуваше 22.808 денари. Ситуацијата денес веројатно е уште полоша со оглед на фактот дека просечната плата на државно ниво во септември 2018 година изнесувала 24.355 денари.[7]

*Висина на платите во македонските медиуми - извор ССНМ (август 2017)*




Еден од начините за решавање на проблемот со ниските плати е потпишување на колективен договор со што би се гарантирала минималната плата на новинарите и медиумските работници. Засега, освен во

[6] https://ssnm.org.mk/komentari/%d0%bf%d0%bb%d0%b0%d1%82%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b2%d0%be-%d0%bc%d0%b5%d0%b4%d0%b8%d1%83%d0%bc%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%b7%d0%b0%d0%b3%d0%bb%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%b4-%d0%bf%d1%80

[7] Државен завод за статистика http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=40

јавниот радиодифузен сервис Македонска радио телевизија, ниту еден друг медиум во Македонија нема потпишано колективен договор со вработените.

Несигурно работно место, можност во секое време да ја изгубат работата, ниската плата, неодредени договори според кои не им следуваат речиси никакви права, се сами по себе доволни карактеристики за една професија полека да ја губи привлечноста. Но, ако на тоа се додадат и прекувремената работа, преоптовареноста со задачи, таканареченото штанцање текстови, опасноста при извршување на задачите, како и секојдневните притисоци - почнувајќи од уредниците преку сопствениците, па се до властите, лесно се објаснува податокот зошто 69 проценти од анкетираните новинари во анкетата на ССНМ во дигиталните медиуми рекле дека би ја напуштиле професијата доколку за тоа им се укаже прилика. Но, тоа не е својствено само за Македонија, па речиси ист процент на новинари би си заминале од професијата и во земјите од регионов. Според истражувањето наменето за публикацијата „Невидливо насилство: приказни од редакциите“[8], а спроведено помеѓу новинари од Косово, Македонија, Црна Гора, Србија и Босна и Херцеговина според кое дури 70 проценти од новинарите би ја напуштиле професијата. Во сите достапни истражувања за состојбата во медиумите и во Македонија, но и во регионот како главни причини за напуштање на професијата се наведени: ниската плата, преголемиот обем на работа, како и разни притисоци од центри на моќ и цензура.

## *Што треба да се направи?*

Констатирање и утврдување на состојбата во која се наоѓаат медиумите, како и вработените во нив е полесниот дел од работата. Потешкиот дел од решавање на тешката ситуација во медиумите е одговорот на прашањата што и како треба да се направи за да се подобрат условите за работа, се одбранат новинарите од притисоците, добијат поголема плата... се со цел професијата повторно да стане привлечна, да се намали процентот на оние кои сакаат да си заминат, а со оваа работа да се занимаваат луѓе со интегритет, кои ќе заработуваат доволно за да можат да одолеваат на разните притисоци,

**Што според вас е најважно да се смени за да се подобри ситуацијата во новинарството и медиумите? Извор: ССНМ 2018**




[8] Невидливо насилство: приказни од редакциите https://docs.google.com/viewerng/viewer?url=https://www.cdtmn.org/wp-content/uploads/2018/07/Nevidljivo-nasilje-B5-stampa-1.pdf&hl=en

односно да не мораат да ги менуваат професионалните стандарди со страв за својата егзистенција и на крајот од денот, медиумите да ја зголемат довербата на публиката.

Според одговорите на новинарите и медиумските работници најважно за подобрување на ситуацијата е подобрување на социјално-економскиот статус и се што е поврзано со тоа - зголемување на платата, работни права, придонеси за социјално осигурување, сигурно работно место. Потоа следуваат намалување на зависноста на медиумите од политички влијанија, намалување на зависноста од економски влијанија и на крајот повеќе слобода на изразување.

## *Препораки*

Работните права и условите за работа се предуслов за квалитетно новинарство и медиуми со доверба кај публиката. Квалитетно новинарство, пак, значи добро информирани граѓани и постојана контрола на властите. Ситуацијата во македонските медиуми воопшто не е завидна, особено во економско-социјалниот дел. Затоа потребно е фокусирано организирање на фелата за остварување на потребните права и исполнување на условите за виреење на професионалните стандарди во медиумите. Европската федерација на новинари (ЕФН) уште во 2016 година ја скенираше влошената состојба во медиумската сфера и потребата од силна сплотеност, солидарност и организираност на новинарите и медиумските работници во борбата за подобри услови и права во професијата:

> *„Појавата на онлајн новинари, новинари од социјалните мрежи, мултимедијални новинари и новинари претприемачи, како и многу други облици на бавење со новинарство, не ја стави под прашање само традиционалната перцепција на новинарската професија, туку доведе и до побарувачка за работа, нови вештини, тренинзи и заштита на новинарските права. Сепак, едно нешто остана исто – правата и работата во новинарството одат рака под рака. Без пристојна плата и еднакви права за новинарите, не може да се гарантира квалитет во новинарството“.*[9]

Земајќи ги предвид специфичностите на развојот на медиумската сфера во Македонија, како и на заклучоците од прирачникот на ЕФН ги изведуваме следниве препораки:

- Посилен организиран и колективен притисок до работодавците за подобрување работните права и услови за работа, како што се потпишување на колективни договори, или колективен договор на ниво на гранка.

---

[9] https://europeanjournalists.org/blog/2016/10/27/rights-and-jobs-in-journalism-building-stronger-unions-in-europe-new-handbook-launched/

Потребата од колективни договори во медиумите е спомената и во Извештајот на Европската Унија за напредокот на Македонија за 2018 година каде е нотирано дека нема напредок во заштитата на работните права на новинарите, податок кој според извештајот директно се поврзува со фактот дека „новинарите сеуште практикуваат авто-цензура“.[10]

- Подобрување на стратегијата за привлекување на новинарите и медиумските работници, односно нивна поголема активност во еснафските здруженија (ССНМ, ЗНМ)
- Засилена активност на здруженијата во насока на информирање на членовите, но и не само на нив за правата кои им следуваат на новинарите и медиумските работници, со особен акцент на оние кои се предмет на прекарна работа и лобирање за што поправедни договори
- Проширување на активностите и услугите кои ги нудат еснафските здруженија за привлекување нови членови од помладата генерација новинари и медиумски работници
- Постојано организирање на обуки и работилници за усовршување, но и запознавање на новинарите и медиумските работници со новите вештини потребни за извршување на секојдневните задачи, особено поврзани со развојот на дигиталната технологија
- Обезбедување постојана правна помош при прекршување на работничките права, но и при кршење на авторските права на новинарите и медиумските работници

[10] Извештај на ЕУ за напредокот на Македонија (страница 30) https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20180417-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf